З. Г. "ДОВЕРБА" Куманово
ЗА ПОХУМАН И ПОЗДРАВ ЖИВОТ

Ekumenska inicijativa žena

"Со почит и разбирање"



Однесување за добра комуникација со ВРСНИЧКА МЕДИЈАЦИЈА И ПОЧИТУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ

Прирачник за ученици за:
Однесување за добра комуникација со ВРСНИЧКА МЕДИЈАЦИЈА И ПОЧИТУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ

Автор:
м-р Дивна Јанкова, психолог-раководител на проектот

Прирачникот е резултат од активностите на 80 ученици од различни етнички заедници заедно со нивните ментори за работа на програмите: "Почитување и толеранција на разлики" и "*Ненасилна комуникација и медијација" од:* ОСТУ "Наце Буѓони" СОУ Гимназија" Гоце Делчев", и ССОУ "Перо Наков" *во рамки на проектот „Со почит и разбирање" на ЗГ „Доверба-Куманово" финансиран од „Ekumenska inicijativa žena (EIŽ) Hrvatska.*

Содржина:

1. Вовед
2. Активност со проектот
3. Истражување-прашалник
3.1. Примерок за учесници на истражувањето
3.2. Резултати од истражувањето
4. Насилство меѓу младите во училишта - со посебен акцент на превенција и одговор
5. Самоефикасност во конструктивно решавање на конфликти или спорови меѓу учениците
6. Мерки за превенција и одговор
6.1. Клима и култура на почитување на разлики
6.2. Најважни заклучоци од работилниците за ненасилна комуникација и медијација и почитување на разлики
7. Заклучоци од истражувањето и препораки

1. Вовед

„Ненасилството не е наметка што се облекува и се соблекува по желба. Тоа лежи во срцето и мора да е неразделен дел од нашето битие“ - Махатма Ганди

Добросостојбата на адолесцентите е под директно влијание на детерминантите на здравјето, какви што се личната здравствена состојба, вештини за справување, социјална поддршка и физичка и психосоцијална средина. Семејството, пријателите и училиштето со својот однос влијаат врз здравјето на адолесцентот и врз неговото однесување.

Важно е да се следат не само факторите на ризик, туку и факторите на заштита кај младите кои растат во општества со интензивни промени, различни животни услови, припаѓаат на различни култури соочувајќи се со голем број опасности од изолација, исклучување и разни форми на лишување, злоупотреби и насилство.

Во училиштата како и во семејната средина адолесцентите го градат својот животен стил.

Во училиштето не само што стекнуваат знаења и вештини, развиваат ставови, учат како да комуницираат и да градат социјални врски. Ги градат своите “интеркултурни компетенции „ кои овозможуваат разбирање и прифаќање на другите без разлика на пол, културна, социјална, расна, верска, национална и етничка припадност.

Безбедноста на младите во училиштата претставува основна претпоставка за нивното чувство на припадност на заедницата, како и за атмосфера на доверба и соработка, неопходни за непречено одвивање на процеси на учење и здрав развој.

Во периодот на адолесценција, ако врската воспоставена со семејството и училиштето е слаба, врската може да се прекине. Во тие случаи, адолесцентот обично се врзува за група врсници кои можат да бидат „добар извор на девијантно однесување“. Во овие случаи, адолесцентот прифаќа и презема однесувања кои можат да бидат ризични и навредливи.

Односот кон малтретирање помеѓу децата во наша средина е сè уште е во фаза на бавно освестување и напуштање на практиката на негирање и избегнување.

Малтретирањето помеѓу учениците како секојдневна појава во училиштата може да се третира како вид на ризично социјално однесување со непосредни и долготрајни последици по здравјето на детето, какви што се: страв, губење самодоверба, повлекување, губење концентрација, неспособност за помнење и учење, слаб успех, насилничко однесување.

Колку и да изгледа како внатрешен проблем на прв поглед, сè потешките облици на насилство во училиштата сè уште се тесно поврзани со формите и причините за насилство во семејството, во врсничката група, во училишната средина, во градот или општеството како целина.

2. Активности со проектот

Меѓу стратегии и вештини за справување со насилство во рамки на проектот "Со почит и разбирање" здружение "Доверба" Куманово во период февруари -октомври 2023г. организираше обуки и работилници во кои учествуваа ученици, наставници и родители од три средни училишта од Општина Куманово: ОСТУ "Наце Буѓони", СОУ Гимназија" Гоце Делчев" и ССОУ "Перо Наков" на следните теми:

а) Ненасилна комуникација и медијација во чии рамки младите учеа методи и техники за решавање на спорови со медијација и ги совладаа следните вештини: комуникација, активно слушање и размислувања, соработка, емпатија и сочувство, критичко размислување и решавање проблеми со медијација, преговарање и трансформација на конфликти. Медијацијата сè повеќе се препознава како важна вештина за ненасилните комуникации, корисни за разрешување на разни конфликти, дури и оние кои во основа се врсници-како насилници.

б) Врсничка едукација за медијација спроведоа ученици кои претходно имаа поминато обука за медијација и работеа медијација на вистински случаи кога имаше потреба во двата Клуба за медијација во ОСТУ "Наце Буѓони" .

Добрите страни на медијацијата меѓу врсниците се многубројни, на пример: кога учениците стануваат активни во решавањето на проблемите што се јавуваат во нивната средина, тие учат на позитивен начин да решаваат конфликтни ситуации и полесно ја преземаат одговорноста, тензијата меѓу учениците и наставниците се намалува и односот се

подобрува, наставниците не се толку преокупирани со решавање на секојдневните проблеми, особено оние што се јавуваат меѓу учениците.
в) Во програмата за "Почитување и толеранција на разлики," се обработени теми: мислења за себе и другите во однос на самопочитта, сочувство, толеранција и почитување на различностите, почитување на човечкото достоинство, интеркултурно разбирање, свесност за родовите разлики, социјална одговорност, солидарност и грижа, како важни интеркултурни компетенции кои овозможуваат разбирање и прифаќање на другите без разлика на пол, културна, социјална, расна, верска, национална и етничка припадност.
г) Наставници, родители и стручни соработници поминаа на кратка обука за ефикасна комуникација со млади и (решавање на конфликти) како и за почитување на разлики, преку засилување на самопочитувањето и почитувањето на другите.

3. Истражување - прашалник за насилство

Системот на компетентност на Европската унија - меѓучовечка и граѓанска компетентност.
Интерперсоналната компетентност ги вклучува сите форми на однесување што треба да се совладаат како едно лице би можело ефективно и конструктивно да учествува во општествениот живот и да решава проблеми кога е потребно. Интерперсоналните вештини се неопходни за ефективна интеракција помеѓу две или повеќе луѓе и се применуваат во јавниот и приватниот домен. Помеѓу меѓу другото, тие вклучуваат:
- способност за конструктивна комуникација во различни општествени ситуации (толерирање на гледиштата и однесувањето на другите, свесност за индивидуалната и колективната одговорност);
- способност да се создаде доверба и емпатија кон другите поединци;
- способноста да се откриваат фрустрации на конструктивен начин (контрола на агресивноста и насилство или самоуништувачки обрасци;
- покажување интерес за другите и почитување на нив;
- подготвеност да се надминат стереотипите и предрасудите;
- тенденција да се постигне компромис.

Во понатамошниот дел е истражувачкиот дел од проектот кој се фокусира на перспективата на учениците и ја нагласува важноста од

разбирање на однесувањето на учениците, перцепциите и искуствата за конфликти и спорови во училишната средина и нивните ставови за почитување на разлики.

Акцент во истражувањето е поставен на следните елементи:

1. Утврдување на инциденцата и зачестеноста на моделите на агресивно однесување во училиштето и животната средина.
2. Анализирање на перцепцијата за односот меѓу учениците и односот меѓу учениците и наставниците како компоненти на училишната клима кои можат позитивно или негативно да придонесат за развојот на конструктивни и ненасилни стилови на решавање на конфликти или спорови.
3. Испитување на перцепцијата и верувањето на учениците во успешно совладување на конструктивен пристап кон решавање на конфликти или спорови меѓу учениците.
4. Улогата на ефикасна комуникација со родителите во придонесат за развојот конструктивно решаавње на судири
5. Испитување на училишната клима и култура во однос на покажување интерес за другите и почитување на нив, подготвеност да се надминат стереотипите и предрасудите.

3.1. Примерок од учесници во истражувањето

Во истражувањето беа вклучени 103 ученика од кои 71 посетуваат настава на македонски наставен јазик и 39 на албански јазик.

Постапка

Истражувањето е спроведено во јули и август 2023 година онлајн преку googl forms и е анонимно со ученици од втора и трета година од трите средни школи на возраст од 16 до 18 години. За потребите на истражувањето, конструиран е прашалник од 25 прашања од затворен тип изработен на македонски и албански јазик кој се обидува да мери различни елементи на однесувањето на учениците како тие се справуваат со насилство и мислењата за конфликти и спорови во училишната средина и почитување на разлики.

3.2. Резултати од истражувањето

Презентацијата на резултатите од истражувањето е дадено збирно од двете групи на албански и македонски наставен јазик, а посебните резултати се поделени во два посебни тексата на албански и македонски јазик и е структурирано во четири дела, а пресметаните проценти се средните вредности од резултатите добиени од двата прашалника, на македонски и на албански јазик.

Целта на првиот дел од истражувањето беше да се утврди појавата и зачестеноста на различните форми на агресивно однесување кај средношколците.

Првите четири прашања се однесуваат на односот меѓу учениците и нивните врсници во училиштето, состојбата на насилството меѓу учениците категоризирано низ физички и вербални форми на агресивно однесување. Во физички форми на агресивно однесување вклучени се удирање и намерно туркање ученици, а во вербални форми озборување и навредување ученици – нарекувајќи ги учениците со погрдни имиња. Учесниците во истражувањето беа прашани за нивната честа изложеност на индивидуално агресивно однесување во последната година во две улоги: во ситуација во која биле сторители на агресивно однесување и во ситуации во кои е извршено агресивно однесување врз нив .

Скалата за одговор се состоеше од четири интервали (никогаш; 1-2 пати; 3-4 пати; повеќе пати во текот на последната година).

Комбинирањето на одговорите на учениците во двете улоги овозможува интересни општи знаења за зачестеноста на агресивното однесување во училишната средина:

- *само 71,9% од средношколите во последната година не учествувале во ниту една форма на агресивно однесување ниту како сторител ниту како примател;*
- *56,2% од учениците немале ниту еден искуства со вербална, а 87,6% од учениците со физичка агресија;*

- *важно да се забележи дека 94,6% од учениците не удриле друг ученик во изминатата година но ги удрил друг ученик 10,8%.*

Сепак, може да се заклучи дека презентираните резултати зборуваат за значителната фреквенција на агресивно однесување кај учениците. Посебно проблематично откритие е дека вербалните форми на агресивно однесување се навистина нормативни обрасци на однесување кај ученици од три средни училишта. Во исто време, податоците за зачестеноста на физичките форми на агресивно однесување укажуваат на значително ширење на овие однесувања меѓу учениците.



Обука со ученици од програмата за "Почитување и толеранција на разлики"



Обука со родители и наставници за ефикасна комуникација со млади

4. НАСИЛСТВО МЕЃУ МЛАДИТЕ ВО УЧИЛИШТА - СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА ПРЕВЕНЦИЈА И ОДГОВОР

Во овој дел од извештајот се фокусираме на испитување на односот меѓу учениците и односот помеѓу наставниците и учениците во ситуации на конфликт или спорови во училиштето, од перспектива на ученикот.

Лајт мотив за улога на наставници: Haim Ginott, психолог и наставник рекол:„Дојдов до заклучок кој ме исплаши-дека Јас сум одлучувачкиот елемент во училницата. Мојот личен пристап создава клима. Моето дневно расположение создава време. Како наставник јас поседувам огромна моќ да го направам детскиот живот или јаден или радосен, можам да бидам алатка за тортура или инструмент за инспирација, можам да понижам или да расположам, повредам или

излекувам, можам да предизвикам проблеми или од детето да го добијам она најдоброто и најубавото што го има“.

Скала за одговорите беше: потполно се согласувам , воглавно се согласувам, и не се согласувам.

Охрабрувачки е што во групата на највисоко оценети се оние изјави кои велат дека учениците можат слободно да си се обратат наставниците за помош и дека наставниците учествуваат и да помогнат во решавањето на конфликтите меѓу учениците кога ќе им се пријават конфликти (околу две третини од учениците најмногу и целосно се согласуваат со овие изјави):

- 57% од учениците се изјаснија и дека наставниците ги охрабруваат учениците да кажуваат кога доаѓа до насилство спор или судир. Таквото откритие сугерира дека поголем број ученици ги доживуваат наставниците како личности од кои можат да добијат поддршка решавање на конфликти со други ученици.
- Дека наставниците се обучени со техники за решавање на конфликти меѓу ученици воглавно се сложуваат 43,6% а потполно се сложуваат 39%, што укажува на потреба на дообука на наставниците во оваа област.



Обука со ученици од програмата за “Почитување и толеранција на разлики”



Обука со ученици од програмата за “Ненасилна комуникација и медијација”

Во понатамошен дел, нашето истражување беше фокусирано на анализа на училишната клима од гледна точка на појавата на споровите

и конфликтите меѓу учениците од ученичка перспектива. Добиените податоци покажуваат дека во испитуваните училишта:

- најраспространети се физички конфликти или насилство за што целосно се согласиле 51,7% и воглавно се сложуваат 31% со констатацијата дека учениците физички се судираат на училиште.
- Значителен број ученици веруваат дека учениците во нивното училиште меѓусебно се исмејуваат (30,7% потполно се согласуваат, а 46,6% главно се согласуваат со ова тврдење).

Во оваа смисла, испитуваните аспекти на училишната клима покажуваат дека во однос на зачестеноста, најчесто се физичките форми на насилство иако во никој случај не е занемарлива присутноста и на други форми како што се исмејување или навредување, што е во согласност со она што беше опишано погоре како агресивни модели на однесување на учениците.

Податоците од ова истражување потврдуваат дека односите меѓу учениците не се недвосмислени.

5. Самоефикасност во конструктивно решавање на конфликти или спорови меѓу учениците

Охрабрува податокот дека:

- 47,6% воглавно, а 38,9% потполно се согласуваат со тврдењето дека учениците меѓусебно си помагаат во решавање на судири и конфликти, како и дека во нивното училиште учениците користат ненасилна комуникација и трансформација на судири и конфликти.
- според 43,45% од испитаниците кои воглавно и 32,3% кои потполно се сложуваат,
- За неопходноста да се зголеми бројот на ученици кои ги познаваат техники за посредување при судири и медијација 43,5% потполно,а воглавно се сложија 34,8% од учениците.

Самоефикасноста кај учениците најдобро се постигнува со обезбедување искуства, ситуации и задачи во кои учениците имаат можност да доживеат успех во конструктивното решавање на конфликт.

Успешното решавање конфликти и изнаоѓање алтернативи за агресивното однесување, покрај значително зајакнување на чувствата на самоефикасност, ја зголемува веројатноста дека учениците ќе применуваат слични (успешни) модели на однесување во идни ситуации.

Од друга страна, непронаоѓањето на патот во конфликтна ситуација или неуспешното решавање на проблемот може да го ослабне и поткопува чувството на самоефикасност.

6. МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ОДГОВОР

Сигурно е дека моделите на однесување, особено агресивните, се учат од моделите на однесување на родителите, но прашање е колку родителите можат да влијаат на нивното дете да не стане насилник или жртва.

Во третиот дел го испитавме ефикасна комуникација родител-дете како можен фактор на намалување или санирање на проблеми и позитивно влијание на надминување на судири. Колкаво е влијание говори фактот дека дветретина на ученици потврдија дека кога имаат проблеми на училиште најпрво се обраќаат на родител и исто толку (67,4%) потполно се сложуваат дека нивниот родител знае добро да ги ислуша и да им помогне во решавање на судири.

Начинот на кој учениците и наставниците се однесуваат во училиштето зависи од објективните карактеристики на училишната атмосфера и нивните особини на личноста и други лични карактеристики, каде начинот на кој тие ги перцепираат или ја доживуваат средината во која работат, односно учат. Тоа значи и дека во зависност од интересите, вредностите, мотивацијата и другите карактеристики на поединецот, училишната атмосфера може да се сфати како стимулирачки за индивидуален развој и придонесува конструктивно однесување и вклучување на поединци во училишниот живот или спротивното, како дестимулирачки контекст што придонесува за пасивност или отпор, па дури и за агресивно однесување.

6.1. Клима и култура на почитување на разлики

Добиените податоци укажуваат дека во испитуваните училиштата не ги исклучуваат од училишните активности и дружењето оние ученици кои се разликуваат од другите кое може да се види од следниве податоци:

- 55% потполно и 36% воглавно се согласиле со констатацијата дека учениците од различни етнички заедници и религии имааат добра меѓусебна комуникација и дека учениците меѓусебно се однесуваат пријателски и не ги исклучуваат од училишните активности учениците кои се разликуваат од нив (во целост се сложуваат 43,7% а воглавно 37%),
- Учениците со различен животен стил на однесување добро се согласуваат едни со други и се почитуваат (42,1% воглавно се сложуваат и 39,%целосно).
- Со констатацијата дека во нивното училиште учениците ги препознаваат стереотипите, предрасудите и ги почитуваат различностите 51% целосно се согласиле, а воглавно 35% од учениците.
- Дека во училиштата постои добра клима и атмосфера на меѓусебно уважување и респектирање на различностите воглавно се сложија 44,7% , а потполно 35,2% од испитаниците.

Училиштата и паралелките се психосоцијални системи со разновидни и динамични односи со учениците кои вклучуваат спорови, конфликти, но и соработка и пријателства. Судејќи според податоците, учениците во испитуваните училишта, покрај конфронтациите и расправиите, развиваат и пријателски односи и прифаќање ученици од различни стилови на живот.

6.2. Најважни заклучоци од работилниците за ненасилна комуникација и медијација и почитување на разлики

Пред сè, може да се заклучи дека на работилниците беа постигнати поставените цели:
- оспособување на учениците за потрајна вештина за успешно самостојно решавање на проблеми,

- да се развива позитивна животна стратегија, самодоверба и самостојност во работата како едукатори за медијација и успешна работа во нивните клубови за медијација во училиштата.

Посебен фокус беше на постигнување на промени на личен план на секој учесник во однос на лична перцепција, мислење и постапување во одредени ситуации и животни искуства. Со совладување на вештините за комуникација, особено на ненасилна комуникација кај најголем број на учесници се измести фокусот на внимание од надвор кон внатре. Повеќето од нив станаа свесни дека личната промена може да води кон колективна промена на однесување во однос на повеќе животни прашања, меѓусебно почитување и разбирање, и ефикасност во решавање на спорови.

7. Заклучоци од истражувањето и препораки

Насилството од врсниците е реалност на секое општество, како во минатото, така и во идното време. Разликите меѓу земјите во овој поглед постојат само во распространетоста, зачестеноста и одредена форма на манифестација. Ова не е само актуелен, туку и алармантен проблем, кој треба да се ублажи и реши. Појавите на закани и насилничко однесување помеѓу учениците во нашите училишта мора да биде приоритет за развивање на чувствителност за проблемот меѓу сите членови не само на училишната заедница, туку и пошироко како проблем кој директно влијае врз сликата за себе, врз чувството на сигурност, прифатеност и ризик од нездрави избори и однесување. Во третманот на овој проблем не смее да се заборави улогата на младите, нивните иницијативи и активно учество во донесување на решенија за негово надминување.

Иако информативни, податоците на ниво на целиот примерок не даваат целосен увид во сложеноста на зачестеноста и појавата на агресивно однесување кај учениците во 3-те средни училишта, бидејќи овие однесувања се директно поврзани со личните карактеристики на учениците, како што е полот, и карактеристиките на одредено училиште. Првин е потребно утврдување на состојби и причини (ризични фактори) кои водат или придонесуваат за појава и развој на врсничко насилство во

нашата земја. Потоа потребно да се утврди статиката и динамиката на однесувањето кое го категоризираме како врсничко насилство и да се утврди типологијата на оваа појава. Многу е важно да се утврдат карактеристиките на насилството од врсниците кои се манифестира кај нас. Врз основа на мислењата на учениците, може да се заклучи дека во испитуваните училишта има различни форми на конфликт, при што тие се најраспространети физички и вербални конфликти.
Иако ниту еден од споменатите форми на конфликт не е безопасен и занемарлив во однос на неговите психолошки и физички последици за учениците.

Насилството меѓу младите е интригантна тема, бидејќи покренува прашања за односите меѓу самите млади, далеку од родителска контрола. Комплексноста на самата конструкцијатоа се одразува и во неговите односи со други појави, при што цртите на личноста и семејството можат да бидат ризик фактор за појава на насилничко однесување кај младите, а од друга страна можат да претставуваат и заштитни фактори кои го спречуваат развојот и манифестирањето на овие облици на однесување.

Истражувањата за училишната или организациската клима покажуваат дека атмосферата во училиштето во која наставата и училишниот живот во голема мера влијае на однесувањето и на наставниците и на учениците.
Насилството меѓу врсниците не може целосно да се искорени, но можно е да се сведе на „прифатливи граници“.

Државата треба да работи на афирмирање и поттикнување на невладините организации да соберат со државните органи одредени стратегии за спроведување на превенцијата, за организирање одредени стручни и едукативни активности каде младите би можеле активно да се вклучат и на тој начин да придонесат за поефикасна борба против овие негативни социјални однесувања. Без сеопфатна и организирана координација, не може да има успех во задушувањето на тепачките и другите форми на насилство.

Во иднина треба да се работи на промоција и креирање на програми за врсничка медијација, а во таа насока, програмите за ненасилна комуникација треба да се подобрат и имплементираат на сите образовни нивоа и во сите образовни институции (од предучилишна до повисоки и постдипломски, вклучувајќи семинари за

воспитувачи и наставници). Почитување на правата на децата за инклузија, ненасилни мировни училишни програми треба да се збогатат со практиката на врсничка медијација.

Вршењето на какви било форми на насилство и други деструктивни и асоцијални дејствија треба да се сузбие преку поголемо активирање на училиштата и родителите, подобра соработка меѓу училиштата и семејствата, како и постоење на институции кои ќе се занимаваат со овој проблем.

Сите презентирани резултати покажуваат потреба од воведување едукативни програми насочени кон намалување на агресивното однесување на учениците.



Клуб за врсничка медијација



Обука на ученици од програма Ненасилна комуникација и медијација



Работилница во Клуб за врсничка медијација



Обука со ученици од програмата за "Почитување и толеранција на разлики"

Проектот: ,,Со почит и разбирање” е поддржан од страна на “Екуменска иницијатива жена”-Хрватска и се реализира во период од 01.02.2023-01.11.2023 година.



Игра за загревање

„Објавувањето на оваа публикација беше поддржано од *Ekumenska inicijativa žena (EIŽ)* од Омиш, Хрватска. Содржината на публикацијата ги одразува исклучиво ставовите на нивните автори и не мора да ги претставува официјалните ставови на EIŽ-а.“

„Ekumenska inicijativa žena (EIŽ) Hrvatska e непрофитна организација која преку својата програма за финансиска поддршка поддржува проекти и развој на базични организации управувани од жени и теолози во Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија. EIŽ е посветена на зајакнување на улогата на жените во зајакнувањето на граѓанскиот и меѓурелигискиот дијалог и потенцијалот на религијата како позитивен фактор на општествени промени преку градење на мир и помирување. Имајќи го предвид својот регионален профил, EIŽ им дава можност на активистите од својата мрежа да се сретнат и разменат искуства со цел поголема видливост на нивната работа и поголеми можности за пристап до ресурси.”

Ова издание не е за комерцијална употреба